# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седмото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 24 ноември 2000 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Илјаз Халими, потпретседател на Собранието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, претставници на Владата, продолжуваме со работа по Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека на седницата во присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со точката 16 од дневниот ред, а кога ќе се вратат пратениците од Комисијата за одбрана и внатрешна политика ќе се вратиме на првата точка од дневниот ред.

Продолжуваме со точката 16 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност, со Предлог на закон.

На последното продолжение на седницата го заклучив претресот по текстот на Предлогот на законот.

Преминуваме на гласање.

Пред тоа, за збор се јави господинот пратеник Љатиф Пајкоски, кој истовремено е и предлагач на законот.

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, на претпоследното продолжение на Педесет и шестата седница, всушност после заклучување на претресот, пратениците беа повикани да гласаат за предлогот на закононт и ние тука гласавме. После завршеното гласање, координаторот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ побара пауза, што според мене и според деловникот се разбира немаше право, но имаше право да се посомнева во гласањето и да бара да се гласа поединечно. Но заради тоа што седницата беше блиску до 18.00 часот, доколку што работиме, вие тогаш ја прекинавте седницата.

Исто така, вчера сакавме од оваа точка да почнеме, но од страна на ВМРО - ДПМНЕ се изрази желба со мене како предлагач на овој закон уште еднаш да се разговара и да се изнајдат решенија кои ќе бидат прифатливи и за пратениците и за мене како предлагач.

Ние изнајдовме решенија и се договоривме имено, се работеше околу роковите во членовите 56 и 57, така што во членот 56 рокот од три месеци, од мене беше побарано да прифатам да биде 6 месеци, а во членот 57 рокот од 6 месеци да биде 9 месеци. Тие предлози од страна дна потпретседателот на Собранието господинот Томислав Стојановски ги прифатив.

Меѓутоа, после. тоа во консултација со службите констатирав дека е невозможно на било кој друг начин да се интервенира, затоа што претресот по текстот на законот е завршен. Тоа значи единствено можеше да се интервенира во амандманската расправа. Бидејќи се согласив со овие сугестии, сега единствено ми останува, ако навистина од страна на координаторот на ВМРО-ДПМНЕ и од страна на потпретседателот искрени се намерите да се прифати мојот Предлог на закон, со овие измени кои јас ги прифатив, и со оглед на фактот што нема друго решение за прифаќање или евентуално одбивање на овој Предлог на закон, според мене, единствено решение е претставник на Владата да вети тука дека кога ќе се расправа по точката 15 од дневниот ред која многу е идентична со мојата точка, каде што исто така се работи за Предлог на закон за донесување на закон за изменување на Законот за вработување, да ми се вети тука дека овие измени односно овој мој предлог со измените кои јас ги прифаќам да бидат прифатени со предлагање амандмани од моја страна и во тој случај јас би го повлекол овој предлог на закон, значи, не би оделе на гласање. Но барам претставник на Владата да ги прифати овие мои укажувања.

Со оглед на тоа што тука не гледам претставник на Владата, молам и оваа точка да се одложи.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас се согласувам со вашиот предлог да ја повлечете оваа точка, односно да не гласаме сега, додека немаме претставник на Владата кој веројатно ќе се согласи со вашиот предлог да прифати некои амандмани за точката 15, во која ќе интервенирате.

За точката 15 од дневниот ред немаме претставник на Владата.

Преминуваме на 17 точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за поттикнување на активности за заштита на Дојранското Езеро, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, на Собранието му предложив Закон за поттикнување на активностите за заштита на Дојранското Езеро, со Предлог на закон.

Сигурно некој ќе праша кои се мотивите пратеник од Свети Николе да поднесува Закон за заштита на Дојранското Езеро, кој не припаѓа во таа регионалност. Мотивот беше тоа што ни се случува дека приказната е многу жална и пополека ни умира Езерото. Оние активности што се направени во овие 10 години се на позиција нула и мислам дека ова мое јавување преку овој предлог на закон, сигурно ќе биде една анимација и кампања за да може сите активности кои ги има преземено Владата и сите комисии, владини, државни и меѓудржавни, де се поттикнат за да може што побрзо да се интервенира во однос на овој проблем што значи заживување на Дојранското Езеро.

Доста размислував дали законот да гласи вака, затоа што законот опфаќа комплексна материја. Имено, зафаќа две регулативи, еден дел во екологијата, во едно Министерство и другиот дел зафаќа во Министерството за финансии, поточно Законот за игри на среќа, треба да биде во владина постапка. Името несоодветствува, затоа што многу труд се вложи за заштита односно преживување на дојранчани. Гледајќи низ бројки и она што се случува овие 10 години, почнувајќи од 1988 година кога после една неприродна катастрофа, физички направена преку испуштање на водите на Дојранското Езеро се одлеани околу 200 милиони метри кубни вода, со тоа што е загрозен биолошкиот минимум. Со тоа што е загрозен биолошкиот минимум Дојранското Езеро е доведено до состојба на бара и флората и фауната внатре се уништени. Сигурно дека и овој мој предлог за забрзување на сите активности во делот на полнење на Дојранското Езеро - имавме многу приказни од многу стручни експерти и егзибиционисти кои нудеа разни начини дека на тој начин ќе се наполни Дојранското Езеро. И да се наполни Дојранското Езеро во овој момент со околу 200 милиони метри кубни вода, сигурно стручњаците кажуваат дека во овој период се потребни пет вегетативни циклуси за да заживее биолошкиот свет во Дојранското Езеро, затоа што треба време за да се врати на она што било на почетокот.

Овој закон е закон за игри на среќа, односно да се овозможи Дојран да не стане "Лас Дојранос", туку да се определат игри на среќа, каде би се направил исчекор, за да можат граѓаните во периодот на мртва сезона да заживеат, затоа што знаеме дека Дојран и околината се околу 3,5 илјади жители, некаде до 1990 година биле вработени 900 жители, знаеме дека состојбата со оваа еколошка катастрофа што му се случи на езерото, а езерото интегрално е поврзано со животот на граѓаните, тука е туризмот, тука е стопанството. Знаеме дека преку гранката туризам секоја година се остварувани во Дојран, во добрите години кога езерото беше живот некаде 600.000 ноќевања. Знаеме дека во Дојран во последните десет години наназадброката е намалена на 30 илјади ноќевања дури и помалку. Знаеме дека во периодот кога Дојранското Езеро беше живо, рибарите вадеа некаде 450 до 600 тони годишно улов на риба и остваруваа една живеачка, а сега е намалено некаде на стотина тони улов на риба.

Ако сето ова се гледа интегрално низ бројки и анализи, ќе видиме дека Дојран и околината од ден на ден умираат. Гледајќи низ бројки и анализи, можеме да видиме дека младите од Дојран и околината заминуваат, немаат перспектива, не се женат, не се мажат, не создаваат фамилии, така што од ден на ден Стар Дојран буквално умира пред очите на целата јавност и пред Владата.

Виновници за тоа се скоро сите, за тоа носиме одговорност, а јас би кажал дека голема одговорност носи оваа Влада, но уште поголема одговорност носи другата Влада затоа што 10 години останавме сам на ветувања на хартии, дека ќе направиме исчекор повеќе, дека ќе овозможиме едно решение, друго решение, трето или четврто решение. Оваа Влада има направено

исчекор повеќе со тоа што се направени повеќе иницијативи и оној документ што е направен како документ за разбирање со соседна Грција цениме дека во моментот се најдени сите расположлив сили да се помогне на Дојран односно Езерото да заживее, затоа што ни ако го направиме било кој зафат, било кое бајпасирање, приспојување со донесување вода во Дојранското Езеро, а од соседната земја со подземните води се испушта езерото, мислам дека нема да се реши проблемот, затоа што овој проблем е комплексен, овој проблем е за две држави. Посебно со потпишување на документот за разбирање со Република Грција експертите мислат дека ќе се направи чекор напред и дека она што значи загрозување континуирано влечење на подземните води и проектот за Галачко Поле, во што има разбирање од многу меѓународни институции, УНЕСКО, Владата од повеќе донации се прават напори да почне со приспојување на водите од Галачко поле со артерски бунари кои би биле повеќе би се вклопиле во сливот на Дојранското Езеро и со тоа стручњаците кажуваат разно разни математики, но дали тоа ќе биде така да видиме. Дали ќе се наполни езерото или не да оставиме на времето, затоа што ова е комплексна материја, врзана е за големи зафати, со големи инвестиции. Владата зема обврска, посебно Министерството за екологија, последните испитувања се позитивни и подземните води кои се најдени во Галачко Поле мислат дека ќе соодвествуваат и ќе одговараат за да може во моментот да почне полнење на Дојранското Езеро.

Сега се поставува едно прашање и имаше забелешка од наши колеги дали дојранчани го сакаат езерото и дали тие примерно се однесуваат кон заштитата на Дојранското Езеро. Дојранското Езеро не е сам на дојранчани, туку на целата држава и овој проблем е државен проблем затоа што информациите што доаѓаат зборуваат дека во овие сушни години се прават уште повеќе катастрофи затоа што дел од земјиштето кое припаѓало и било поплавено од езерото, сега е повлечена водата и дел од граѓаните кои несовесно се однесуваат го користат земјиштето и го разоруваат. Ако го разоруваат, се прави една грешка, но со фрлањето пестициди се прави уште поголема грешка, затоа што езерото се загадува и во моментот кога ќе се наполни езерото ќе имаме уште поголема контаминација со пестициди. Тоа значи дека се прави уште поголема грешка во перспективноста на заживувањето на Дојранското Езеро.

Овој закон е мал закон со малку членови и за да биде појасно и по децидно, дел по дел би ги прочитал членовите. Тој гласи:

"Со овој Предлог на закон за поттикнување на активностите за заштита на Дојранското Езеро се уредува начинот на поттикнување на економските активности за заштита на Дојранското Езеро и да се помогне стопанскиот развој на непосредната околина на Дојранското Езеро. Цензусот за добивање право за посебни игри на среќа на територијата на Стар Дојран може да изнесува најмалку 10% од цензусот што важи за целата земја".

Тука се мисли на она што минатата Влада донесе акт во Македонија да постојат пет привилегирани сопственици на казина на кои цензусот им беше 6 милиони германски марки, од кои две или три работат, а другите не работат.

"Со посебните игри на среќа во смисла на овој закон се игрите што се предвидуваат во играчиците - казина и игри на автомати за игра на среќа, во кои учествуваат поголем број учесници и кои имаат можност да остварат добивка во пари, предмети или право.

Дејноста посебни игри на среќа на територијата на општина Стар Дојран е ослободена од данокот на добивка".

Ова малку го искоментиравме што значи данокот на добивка, дали некој плаќа данок на добивка, дали во државата се прават разни преспојувања и се избегнува плаќањето на данокот од добивка. Сега некој ќе каже дека ова можеби е малку популистички, но ако ги гледаме соседите и она што се случувало, во врска со тоа дали овој закон е популистички јас би искоментирал нешто што се случи 1990 година во Унгарија. Тогаш се јави една идеа на Владата во Унгарија да обезбедат повеќе илјади кинески пасоши, унгарците им дадоа државјанство на кинезите и за секое плаќање се дава по 20 илјади долари, со што овозможија во Унгарија кинезите да отвораат свои фирми.  Се зема добар дел пари, се направи добар профит, државата добро профитираше и до ден денес кинезите не ја освоија Унгарија. Она што денес функционира во светот, интересна земја е Панама. Панама е интересна земја, затоа што во Панама се регистрирани 20 милиони фирми. Кај нив државата уредила фирмите да плаќаат само такса секоја година, ја објавуваат таксата и секоја година плаќаат

по 10 илјади американски долари. Кога ова добро ќе се пресмета, државата добро профитира со милиони долари. Не случајно измислиле во Хон Конг данокот од добивка да биде со многу мала ставка. Не случајно Монако е земја како многу други мали земји кои овозможуваат да бидат атрактивни за да привлечат капитал. Мислам дека Македонија е многу мала земја и Македонија нема што да штити, Македонија треба да биде отворена за да биде атрактивна. Некој ќе каже, па добро, што има ова врска со Дојран и Дојранското Езеро. Сигурно за да се овозможи добар дел луѓе да дојдат да инвестираат, не само да инвестираат во Дојран туку да бидат ослободени, да можат да направат водни паркови, да прават тобогани, да прават комплекси, да направат спортски комплекси. Знаеме дека Дојран е на јужниот дел од државата и знаеме каква е климата во Дојран и секоја година доаѓаат многу екипи. Но знаејќи дека во ова време хотелите не работат, нема туризам, со ова ако се овозможи цензусот да биде намален, секој хотел да биде ставен во функција да има играчици, да работат казината, сигурно дека дел од луѓето кои се сега надвор на улица во Дојран ќе се вработат. Сигурно ако секој хотел работи би вратил по 10, 20 или 50 луѓе, што значи луѓето да се најдат незаборавени од државата или Владата.

"Собранието на Република Македонија ќе основа фонд за заштита на Дојранското Езеро.

Добивката од посебни игри на среќа и на територијата на општина Стар Дојран им припаѓа до 30% на организаторите и до 70% на Фондот за заштита на Дојранското Езеро".

Посебно е интересен следниот член:

"Програмите што ќе бидат финансирани од средствата на Фондот за заштита на Дојранското Езеро, ќе бидат ослободени од данок на добивка, а вградената опрема и потребните материјали од увоз ќе бидат ослободени од плаќање царина и други давачки".

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:** (Продолжение)

Сигурно дека ова би било една провокација за добар дел бизнисмени да размислат ако се спремни нешто да инвестираат во тој дел на Републиката. Фондот за заштита на Дојранското Езеро ќе учествува во финансирање на проекти за економски развој на општината Стар Дојран. Владата на Република Македонија еднаш годишно го известува Собранието за износот на собраните средства, програмите кои ќе се финансираат од нив и ефектите кои што ќе се постигнат. Морам да кажам дека мислењето на Владата е негативно по овој проект, затоа што во Владата ценат дека интегрално мора да се гледаат и Дојранското Езеро и Охридското и Преспанското Езеро, дека постои закон со кој се уредува оваа материја, дека законите функционираат, така кажува Владата и дека во перспектива ќе се надмине ова прашање за тоа што значи решавање на проблемот Дојранското Езеро. Јас не гледам така перспективно и мислам дека Дојран треба да добие посебна категорија, затоа што Дојран припаѓа на еколошка катастрофа. Ние и во минатиот состав и во првиот и во вториот состав на Парламентот носевме закони со кои овозможивме дека тоа се закони за еколошка катастрофа, го имавме земјотресот во Битола, ги имавме поплавите во Неготино со посебни издвојувања на сметки и пари кои директно беа наменети за помагање на дел од луѓето кои беа загрозени. Мислам дека и Дојранското Езеро и регионот десет години се во катастрофа, еколошка катастрофа и би било добро овој мој Предлог на закон да биде една анимација, да биде една кампања за сите активности кои треба да ги направи Владата, затоа што веќе нема време за чекање за Дојранското Езеро, да се активираат сите активности почнувајќи од сите предлози, сите владини комисии, меѓу државни, активностите од Министерството за екологија, Министерството за стопанство, Министерството за транспорт, Министерството за земјоделие, сите треба да се вклопат во овој проект. Она што стои тука како моја блага награда или утеха, Владата ми препорачува да бидам задоволен со тоа што ете Слободан Даневски ќе го вклопат во сите комисии, или проекти и натаму во изготвување на заштита на Дојранското Езеро. Јас и благодарам на Владата, нема потреба да ме вклопуваат, Слободан Даневски нема потреба од таа работа, но ценам дека времето одминува на штета на Дојранското Езеро и нема веќе време за чекање и верувам дека она што беше како предлог од пратеникот за ребалансот т.е. за суфицитот од Буџетот да се одвојат незнам колку милиони денари и директно да се вклопат во проектот за заштита на Дојранското Езеро што беше одбиено од министерот за финансии. Мислам дека се направи грешка и сега ако при крајот на годината имаме нови средства, а сигурно дека ќе имаме нов суфицит во Буџетот,

треба да се одделат дел од средствата за поттикнување на овие активности. Оставам на пратениците по сопствено убедување да гласаат за законот, или да го одбијат, тоа е нивно право. Но ценам дека со овој закон сигурно дека нема да останат имуни пратениците од Гевгелија, Струмица, Валандово, Штип, Радовиш, Неготино, Кавадарци, скопјани знам дека не гласаат, тие имаат аверзија спрема Дојран.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Господинот Воислав Стојановски има процедурална забелешка.

**ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, јас се извинувам што ова мое јавување е надвор од оваа точка, меѓутоа е многу битно во овој момент за Македонија. Вчера ја донесовме со акламација Декларацијата, предлогот за парафирање на Договорот за асоцијација и стабилизација на Република Македонија во Европската унија, се надевам дека овој важен момент, исто така со акламација ќе го поздравиме бидејќи пред 15 минути се потпиша договорот во Загреб. (Аплауз).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор г. пратеник Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитувани колеги пратеници, почитувани колеги на Влада, најпрво да го поздравам парафирањето на Договорот во Загреб и да посакам многу успех за Република Македонија во понатамошното приклучување кон Европската Унија.

Се јавив за збор затоа што мислам дека секогаш темата за Дојранското Езеро кога се спомнува тука во ова Собрание треба да бидеме присутни сите колеги пратеници и сериозно да размислуваме за тоа што се случува со тоа Езеро. Јас уште при првото влегување во ова Собрание реков дека веќе е доцна да разговараме, а утре ќе биде предоцна. И затоа ги поздравувам сите активности на колегите пратеници кои што на овој или на оној начин, сакаат да дадат акцент на тој проблем кој што трае со децении, со години и мислам дека веројатно ќе се најде начин таквата работа да се реши. Проблемот со Дојранското Езеро како што слушнавме од почитуваниот колега Даневски е подолги години наназад присутен и во кратки црти мислам дека ја опиша многу добро агонијата на езерото. Но, сакам само да укажам на тоа дека оваа Влада заедно со пратеничката група во Комисијата за животна средина работат многу интензивно на тој проблем. Тука го гледам присутен и заменикот министер за животна средина и мислам дека доколку му се даде можност, мислам дека би требало тој да каже кои се активности се досега преземени во тој поглед и што всушност е направено за да се помогне Дојранското Езеро повторно да си го добие својот стар сјај. Не би сакал да ги споменувам сите активности и мерки, меѓутоа мислам дека уште на почетокот кажавме дека неопходно е потребно прво да се потпише спогодбата и договорот помеѓу Република Македонија и Република Грција за режимот на користењето на водите, посебно во делот на Дојранското Езеро и мислам дека тоа е веќе успешно, при крај е реализацијата на таа задача на Министерството за животна средина. Така што мислам дека би било добро и г. заменик министер тоа нешто да го потврди и да го каже.

Инаку, што се однесува до барањето на г. Даневски, јас и на Комисијата кога разговаравме реков дека не мислам дека коцкарниците кои што ќе бидат направени во Дојран многу ќе му помогнат на езерото и на неговата флора и фауна. Но, добро, и да се согласам со него дека можеби тоа е еден од начините како го замислува решавањето на проблемот со Дојранското Езеро. Иако јас во суштина не гледам како може сериозно во тој поглед да му се помогне на езерото. За тоа е потребно се она што г. Даневски на некој начин го начна и го кажа, а тоа се оние проекти за доставување на вода до Дојранското Езеро преку Ѓавашкото поле, или евентуално некој друг поголем проект кој што може да се реализира така што сето она што е основно, што може да му помогне на езерото. Додека се она што г. Даневски го заговара како желба и како негово видување, мислам дека е во ред од негова страна и јас ја поздравувам таа иницијатива, затоа што ако ништо повеќе, барем може да се отвори расправа во ова Собрание околу моменталната состојба со Дојранското Езеро и можност, бидејќи тука е присутен заменик министерот за животна средина, да го прашаме до каде се тие активности во врска со реализација на одредени други проекти за спас на Дојранското Езеро. Така што јас мислам дека е добро накратко да ни ги образложи сите активности преземени досега од страна на Владата со што би можеле да имаме една

комплетна слика за состојбата. А инаку самиот предлог на г. Даневски, јас да бидам искрен нема да го поддржам, затоа што не мислам дека во многу и итно ќе го реши проблемот на Дојранското Езеро затоа што тоа се мерки кои што понатаму после тоа можат да бидат преземени, но во овој момент мислам дека нема да дадат конкретни резултати. Од тој аспект мислам дека можеби ова е повеќе еден политички маркетинг на таа тема, на тема Дојранско Езеро, иако не сакам да верувам дека е такво нешто, но, не би знаел што би можело да се крие во позадината на ваквото барање. Но, сепак, тоа е видување на г. Даневски и јас уште еднаш морам да му заблагодарам затоа што сепак, било каква активност која што се превзема во насока да се помогне да обелодени вистината за Дојранското Езеро, или да се пронајдат начини и методи како да му се помогне на езерото, го поздравувам како чин.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор г. пратеник Слободан Ќосев:

**СЛОБОДАН ЌОСЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Влада. Во врска со Дојранското Езеро, сакам да кажам дека ние како пратеници, а и како граѓани на Република Македонија не треба како прво да се делиме дали сме блиску до Дојранското Езеро, дали го сакаме Дојранското Езеро, меѓутоа сакам да напомнам дека и како граѓани и како пратеници сме и те како заинтересирани за судбината на Дојранското Езеро и без разлика на тоа кој од каде доаѓа, дали е скопјанец, охриѓанец итн., затоа што благодетите на Дојранското Езеро сме ги почувствувале и осетиле сите ние и знаеме за какво езеро, за каква питома клима станува збор. И затоа сметам дека крајно време беше и од нашата Влада да се донесе и да се пристапи со еден закон кој ќе го реши проблемот со Дојранското Езеро и ќе му го поврати сјајот на ова наше езеро богато како со риба, така и за спорт, рекреација и одмор за сите граѓани од Република Македонија. Јас цврсто сум убеден дека Владата на Република Македонија прави напори и заедно со Владата на соседна Грција ќе се најде начин да се поврати ова езеро, затоа што ние како држава Македонија не треба во смисла на вложување на средства да го повратиме Дојранското Езеро, не сме само ние моќни, или не ги уживаме тие благодети само ние како Македонци, туку и граѓаните од другата страна на езерото ги уживаат благодетите на Дојранското Езеро. Затоа сметам дека еве овде е заменик министерот и тој ќе го каже она што го има зацртано Владата на Република Македонија околу Дојранското Езеро.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор г. пратеник Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Навистина денес се дискутира за една тема која треба да не загрижува сите од аспект на тоа што во Република Македонија некои геосистеми сами ние ги уништуваме со нашите активности и со нашата неработа. Доколку и понатаму ние се однесуваме кон природната средина, географската средина како што се однесуваме кон Дојранското Езеро, верувајте ми во име на науката зборувам дека во Македонија многу природни објекти ќе ги снема за кратко време. Се додека преовладуваат во нашиот простор револутивните општествени законитости, навистина сум загрозен од таа причина што и понатаму ќе ги загрозиме и другите геоагенси и геосистеми во нашата држава и тоа езеро за мене како географ зборувам, не постои. Не постои, заради тоа што сите еко системи внатре, целиот тој еко систем е нарушен, тој еко систем мора да се поправи со нашите активности и навистина еднаш засекогаш Владата на Република Македонија оваа и секоја друга мора да се ангажира конкретно да ги консумира научните сознанија од нашите научни соработници домородци, првенствено домородци, за да можеме да потегнеме конкретни акции кон решавање на овој проблем. Се додека не и веруваме на нашата наука во Република Македонија бараме помош од другите научни институции и научни работници, верувајте ми дека Дојранското Езеро ќе го снема. Во таа насока сметам дека Дојранското Езеро како најстаро тектонско езеро од херчинскиот период преку 70 милиони години, ќе го снема за десетина години доколку ние, односно Министерството за животна средина и просторно планирање се разбира со поддршка на Владата и на сите други структури, не преземат конкретни чекори кон решавање на овој проблем. Јас сум свесен и поседувам податоци, дека нашата држава има неколку проекти како може да се реши тој проблем.

Ја користам приликата да кажам јавно пред македонската јавност дека кога без министер имаше пет - шест проекти кои конкретно биле во можност тогаш како најбрзо да се реши овој проблем. За несреќа и тогашната влада, на која јас бев претставник, а и сегашната, а веројатно и утрешната Влада, доколку најсериозно не се ангажираме за овој проблем, верувам дека тој гео - систем ќе се уништи, ќе се деградира до крај. Такви проблеми имаме и со двете други езера, кои се од тектонскиот период и навистина и кај нив почнува процесот на загрозување, на деградирање.

Во таа насока молам Владата и Парламентот да донесе конкретни заклучоци, како најбрзо може да се реши проблемот на Дојранското Езеро, затоа што од принципиелни причини се плашам дека и другите езера во Република Македонија, кои немаат тектонско потекло но имаат вештачко, антропогено потекло ќе ги уништиме, доколку не сме сериозни во разрешувањето на овие проблеми.

Затоа сметам сите асоцијации во нашата држава треба да вложат напори, а и сите други светски организации, кои се за ревитализација на гео - просторот, било во нашата земја, или во други земји, треба да бидеме хумани во таа насока и треба да се почитува нашата македонска наука.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Аслан Селмани.

За збор се јави господинот пратеник Ристо Тодоров.

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата.

Добра е секоја иницијатива, која ќе се потегне од било каде, како што е и оваа на колегата Даневски, да се направи нешто за Дојранското Езеро, односно да се спаси Дојранското Езеро.

Ние пратениците на претходната седница имавме една шанса сите да гласаме за еден амандман, кога се донесуваше Ребалансот на Буџетот на Република Македонија, се расправаше на ова Собрание за Ребалансот на Буџетот за 2000 година, меѓутоа, многу од пратениците, без разлика од кој дел на Македонија го застапуваа, не гласаа за тој амандман. На тој начин и ние помагаме Дојранското Езеро да не го спасиме. Таа беше една добра иницијатива да му помогнеме на Дојранското Езеро. Сигурно познавачите на тие проблеми знаат дека со една мала инвестиција од два до три милиони марки може да му се помогне на Дојранското Езеро и сигурно таа инвестиција или тие пари Република Македонија ги има.

Со овој закон што се предлага за спас на Дојранското Езеро, мислам дека нема некоја основа, некоја многу голема помош да му се пружи на Дојранското Езеро, бидејќи во Дојран постојат две казина сега што работат, едното работи на црно без дозвола, тоа се мои сознанија, а другиот има дозвола од Министерството за финансии, меѓутоа, таму нема играчи и нема основа овој закон и нема да се собираат многу пари да му се помогне на Дојранското Езеро.

Ние имаме шанси сеуште овој Парламент, а и Владата на Република Македонија да најде барем едно од многуте понудени досегашни решенија да се спаси Дојранското Езеро.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ристо Тодоров.

За збор се јави господинот пратеник Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван господине потпреседателе, почитувани пратеници и претставници на Владата. Јас ќе бидам сосема краток бидејќи голем дел од дискусијата која мислев да ја кажам ја кажа претходниот пратеник.

Имено, пратеничката група на ВМРО - ВМРО имаше амандман исто така, при ребалансот на Буџетот, со кој требаше да се наменат средства за спас на двете езера. Сега ситуацијата за која има дискусии од колеги пратеници, кои гласаа против тој амандман, малку ме зачудува, бидејќи вистинската грижа за езерото очигледно е консензуално, меѓутоа начинот кој би го нашле да набавиме средства и начинот на кој размислувавме е различен.

Имено, ако се имаше малку слух и ако не се работеше чисто за политичка одлука, да не се поддржи амандманот во Ребалансот на Буџетот за заштита на Дојранското Езеро, тогаш немаше да се бараат вакви и други алтернативни решенија, кои се поризични, понесигурни и не сме сигурни дали еден ваков законски проект ќе обезбеди средства за еден ваков важен закон, за еден важен проблем, кој секако е тежок за сите партии, за сите граѓани на Република Македонија.

Јас сакам да обрнам внимание, мислам дека таму ја направивме грешката со чекорот во од, кога самата Влада немаше слух односно Министерството за финансии

немаше слух, го одбиваше овој амандман и овие амандмани, бидејќи имаше и од други партии дојдено такви амандмани, мнозинството немаше слух и мене ми е жал, кога сега се бараат алтернативни начини да се решава овој проблем.

Навистина, ако преку Ребалансот на Буџетот ние обезбедивме средства, сега начинот на решавањето на проблемите, размислувањата на научниците и соодветните научни решенија, лесно ќе беа применливи. Сепак, средствата за секој проблем се главниот проблем и јас се надевам дека со изгласување на еден ваков законски проект. сепак нешто ќе се спаси и ќе се најдат доволно средства од игрите за среќа, меѓутоа, сепак ќе кажам дека првиот начин на собирање на средства беше многу посигурен, многу подобар меѓутоа, се немаше слух за него.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Златко Стојменов.

За збор се јави господинот пратеник Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Мислам дека секогаш кога во Собранието се спомнува Дојранското Езеро, заслужува респект тој проблем и предизвикува и страв и гнев за судбината на сите езера во Македонија. Ние сме мала земја, меѓутоа, поетите ја опеале дека сме езерска земја, заради тоа што имаме прекрасни езера.

Но нешто ни се случува со езерата и еве, најтипичен пример е Дојранското Езеро. Од таа гледна точка сметам дека повикот на пратениците за едно обраќање на Парламентот на заменикот министер за животна средина, добро би дошло и по овој повод на колегата Даневски да чуеме што се презема и што се планира да се преземе, некако да го покриеме размислувањето, кое што го доживеавме пред неколку седници, кога еден амандман, мислам дека беше скандалозно одбиен. Ако партиската дисциплина значи нешто и кога се гласа за езерата, тогаш мислам дека го понижува секој пратеник и неговото достоинство и она што велиме дека откако пратеникот е избран, тој е пратеник на сите граѓани на Македонија.

Според тоа, не треба да има сомневање дека грижата за Дојранското Езеро е грижа на сите граѓани, вклучувајќи го овој состав на Парламентот.

Јас имам една друга побуда, кога го поставувам прашањето и сум загрижен за Дојранското Езеро од причини што актуелната состојба и со Охридското Езеро, група пратеници покренавме иницијатива на една од наредните седници да се постави на дневен ред на Парламентот. Но до ден денес, ние немаме никаква информација, во дневниот ред не е уврстена точка и би можел заменикот министер да каже дали Министерството подготвува Информација за актуелната состојба на Охридското Езеро, како еден проблем, кој на почетокот реков, нешто страшно ни се случува со нашите езера, да не дојде време и другите езера да дојдат до иста судбина на Дојранското Езеро.

Во таа смисла, поддржувам секоја заложба за изнаоѓање решение да се решат проблемите на езерата, вклучувајќи го и живиот свет во нив.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Стојан Ковачевски.

За збор се јави господинот пратеник Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Немам намера да реплицирам со колегите, но мислам дека не сум доволно сфатен.

Овој закон мораше да носи вакво име и јас реков дека многу малку се посветува внимание на граѓаните. Знаеме дека Дојран, т.е. Езерото умира во континуитет 10 години. Овој циклус на враќање, заживување на Дојранското Езеро, можеби ќе му треба уште толку години. Што ние во овој момент можеме да направиме за тие луѓе кои живеат таму. Знаеме дека основната дејност им е туризмот, кој не може да функционира, знаеме дека Езерото е бара, знаеме дека другата дејност, која беше стопанска, а тоа е риболовот не може да функционира Која е перспективата на тие граѓани? Јас жалам што не сум разбран, посебно од господинот Спанаков, кој се заблагодарува на мојата иницијатива. Јас ќе бидам многу поблагодарен од него да гласа, а не да благодари на мојата иницијатива, а да не гласа. Мислам тоа малку не држи.

И јас и во оваа прилика немам намера и не можам да ги разубедам пратениците кој како ќе гласа. Сигурно ќе гласаат по сопствено убедување. Но листингот ќе се знае, кој за што ќе гласа. Тоа е јавна тајна.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Слободан Даневски.

За збор се јави заменикот министер за животна средина.

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА:**

Благодарам господине потпретседателе, *со* оглед на тоа дека неколку пати бев прозван да дадам коментар по однос на активностите на Владата на Република Македонија, кои ги презема, а се во функција на имплементација на иницијативата за спас на Дојранското Езеро, најнапред би сакал да кажам дека ние поздравуваме секоја иницијатива, која ќе произлезе буквално од секој поединец во Република Македонија, а која ќе нуди некакви можности за спас на Дојранското Езеро.

Познато е дека Дојранското Езеро претставува еден од најгорливите еколошки проблеми во нашата држава и како таков егзистира уште од 1988 година.

Пред да се навратам на активностите, кои ги презема Владата на Република Македонија, во функција на реализирање на активности за Дојранското Езеро, би сакал да ја истакнам досегашната добра соработка на нашето министерство, значи Владата на Република Македонија со Комисијата за екологија, млади и спорт, при Собранието на Република Македонија.

Ние неколку пати имаме дискутирано на комисиски расправи токму за Дојранското Езеро. Владата изготви Информација за активностите кои се реализираат за спас на Дојранското Езеро и ми се чини дека тоа е ставено како точка на дневен ред на една од седниците на Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, сеуште таа седница не е стигната, така што очекуваме дека на таа седница би можеле да имаме отворена дискусија околу активностите за заштита на Дојранското Езеро.

Во функција на подобрување на соработката со Комисијата за екологија, млади и спорт, ние од нашето Министерство подготвивме Предлог - платформа за соработка на комисиите на Република Македонија и на Собраниските комисии на Република Македонија и на Република Грција, со која програма беа утврдени неколку теми на дискусии, помеѓу парламентарни групи на двете држави, а како приоритет број 1 беше ставено Дојранското Езеро, понатаму реката Вардар, Преспанското Езеро, значи се она што се однесува на реализирање на заедничките активности а се во функција на подобрување на животната средина.

Сакам да напомнам неколку активности во функција на заштита на Дојранското Езеро.

На почетокот до минатата година, во март месец, Владата на Република Македонија ја усвои иницијативата за спас на Дојранското Езеро, каде што спасот на Дојранското Езеро го стави во групата на национални приоритети на Владата на Република Македонија.

Од тој момент, во рамките на таа иницијатива беа предвидени активности, како на домашен, така и на меѓународен план, пред се се мисли на воспоставување дипломатски активности за интензивирање на соработката со Република Грција. Ние потпишавме Меморандум со колегите од Министерството за животна средина, просторно планирање и јавни работи од Република Грција, токму од сферата на животната средина. Овој документ беше како еден од основните, кои меѓународните донатори секогаш ни го поставуваа, како еден од условите за започнување одредени разговори за обезбедување на финансиски средства за решавање на овој проблем.

Мораме да бидеме реални дека на Дојранското Езеро, доколку сакаме да направиме конкретни активности му е потребен интегрален пристап, односно е потребно целосно вклучување, како на македонската страна, така и на грчката страна. Јас ве уверувам дека во сите разговори со колегите од соседна Грција, постои максимално позитивна енергија за решавање на овој проблем, посебно во последните неколку месеци.

Би ве информирал дека во текот на наредниот месец ќе се одржи состанок на технички работни групи помеѓу нашето министерство и претставници од соодветното министерство на Република Грција.

Јас толку би имал за оној дел што се однесува во контекст на соработката со Република Грција.

Во рамките на нашето министерство, ние ги собравме сите студии кои постојат, од овој момент што се подготвени за реализирање на активностите за спас на Дојранското Езеро. Напоменати се неколку студии, вклучувајќи го искористувањето на подземните води од Гавачко поле, искористување на водите од Кожуф, имаше неколку проекти кои се однесуваат за искористување на водите од Реката Вардар.

Верувајте ми, доколку сакаме да го спасиме Дојранското Езеро, мораме да бидеме реални: дали сакаме да имаме базен со обична вода, или сакаме да имаме Дојранско Езеро, онакво какво што било. Доколку сакаме да имаме такво езеро, потребно е во Дојранското Езеро да се внесе

вода со ист квалитет, каква што ја има Дојранското Езеро.

Ние направивме неколку анализи на бунарите што се кај Гавачко поле, ангажиравме експерти и од странство, вклучувајќи и домашни експерти, така што, биолошки водите се компатибилни од овие подземни води со водите на Дојранското Езеро.

Паралелно со ова преземање и конкретни активности на терен. Можете да забележите дека деновиве е објавен и тендер од страна на Министерството за животна средина, за регулирање на проблемот со отпадните води односно канализационата мрежа во Нов Дојран. Понатаму започнуваме со реконструкција и модернизација на пречистителната станица која се наоѓа во Стар Дојран.

Исто така имаме преземено активности и во соработка со УНЕСКО, така да ние конкурираме со еден проект, токму околу заштита на Дојранското Езеро. Тој проект го добивме. Значи веќе сме и во контакти и со УНЕСКО. Така да постојат реални можности Дојранското Езеро да се разгледува и од таа страна.

Во една од активностите кои ги разгледуваме, секако спаѓа и искористување на водите од сливното подрачје на Дојранското Езеро. Во тој правец, тоа се однесува пред се на регулирање на раскрснички поток односно преку него би требало да се собираат сите води од сливното подрачје на Дојранското Езеро.

Има уште многу да се зборува околу активностите за Дојранското Езеро.

Ние подготвивме една писмена информација. Таа е доставена до пратениците и јас верувам до наредните седници ќе дискутираме и подетално и за активностите и на Владата на РМ, меѓутоа и за сите оние субјекти кои се заинтересирани за спас на Дојранското Езеро.

Ставот на Владата по однос на овој закон е познат.

И во писмена форма го доставивме дека имаме негативно мислење. Значи како од Министерството за животна средина така и од Министерството за финансии, затоа што со овој закон, преку организирање на фонд кој би требало да ги собира средствата од казината кои во иднина би требало да се отворат околу Дојранското Езеро, да се имплементираат овие средства во функционализирање на проекти за заштита на Дојранското Езеро.

Познато е дека Македонија има одредени финансиски инструменти за решавање на проблеми од животната средина. Меѓутоа, позната е и политиката која во последно време ја води нашата држава во однос на финансиското работење. Тука е министерот за финансии и доколку има потреба он би дал одредени коментари.

Меѓутоа, кажав дека нашиот став е негативен. Постои фонд за животна средина во рамките на Министерството за животна средина. Во рамките на нашето министерство се предвидуваат секоја година и средства за заштита на реки и езера. Верувам дека оваа иницијатива е позитивно оценета. Меѓутоа во овој момент за спас на Дојранското Езеро ние правиме максимални напори да обезбедиме што е можно повеќе средства од меѓународни донатори.

Дел од колегите напомнаа дека со два милиони германски марки постојат реални можности да се направат конкретни активности за спас на Дојранското Езеро. Јас ќе ве уверам дека најмалку средства што треба да се вложат во еден проект за заштита на Дојранското Езеро се над 20 милиони германски марки. Тоа е што се однесува до Дојранското Езеро.

Би сакал да кажам само еден коментар во однос на прашањето на господинот Ковачевски по однос на Информацијата што Владата треба да ја изготви за состојбите со Охридското Езеро.

Владата ја изготвува оваа Информација. Значи ќе има една интегрална информација од страна на Владата, изготвена од неколку министерства кои ја третираат оваа проблематика. Така да верувам дека во наредниот период и оваа информација ќе се најде пред вас, така да ќе можеме и по неа да дискутираме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на заменик министерот за животна средина.

Има збор пратеникот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Дами и господа пратеници, претставници на Владата. Мислам дека во Парламентот, а верувам и во Македонија нема човек што е соочен, го дели мислењето во врска со тоа што му се заканува на Дојранското Езеро. Живееме во услови на еколошки хаос, еколошка катастрофа и како граѓани, и во рамките на нашите можности се обидуваме нешто да направиме и во таа насока и овој предлог на пратеникот Даневски може да се прифати. Меѓутоа, сепак имаме доволно искуство како пратеници да сфатиме дека таквиот предлог е неуставен затоа што ги доведува во

нерамноправна положба останатите институции со слична дејност.

Јас имам еден друг предлог. Имено, дел од данокот на добивката од казината кој оди во одделни фондови, би можел да се пренасочи во правец на еколошкиот спас на Дојранското Езеро.

Ги повикувам и тие што летуваат во Грција или во други светски центри да дојдат и барем дел од тие девизи да останат во Дојран. Тоа ќе биде нивниот најчесен придонес кон оживување на туризмот во тој дел.

Втора работа што исто така е мошне видна, би рекол и од национален интерес за што Владата, оваа или идната треба да размислува, е што улогата, како туристички центар на Дојранското Езеро, ќе порасне и со фактот што набрзо во Атина, за неколку години, ќе се одржат Олимписките игри. Македонската територија, патот наш, вклучувајќи го и Дојран ќе бидат еден вид транзитен коридор за илјадници туристи кои ќе поминуваат. Во тој правец кога би имале една Влада со одредени визионерски гледања, би требало да обрне поголемо внимание и на таквиот проект. Значи, да тргнеме прво од нашиот личен пример и второ да обрнеме внимание на овој коридор, во смисла што Грција ќе биде домаќин на Олимписките игри за неколку години.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Нано Ружин.

Има збор пратеникот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господо пратеници, Не мислев да се вклучам во дискусијата, меѓутоа ме испровоцира што дел од пратениците од позицијата, денес имаат можност и граѓаните на РМ преку овој директен пренос и ние пратениците да слушнеме нивни контрадикторни ставови.

На седницата кога се дискутираше за ребалансот на Буџетот на РМ за 2000 година, ние од ВМРО - Вистинска не мислевме да правиме некој посебен рејтинг, туку имавме согледување дека Дојранското Езеро во последните 10 години навистина е во една незавидна состојба и при ребалансот, Министерството за финансии и премиерот на Владата на РМ јасно кажа дека има еден суфицит. Тогаш преку тој амандман ние рековме дека дел од тие средства, а денес слушнавме дека тоа е 20 милиони германски марки, сумата која ќе овозможи да се заштити Дојранското Езеро. Значи, преку амандман баравме да се издвои таа сума и денес да го решиме тој проблем на задоволство на граѓаните на РМ. Меѓутоа, и тогаш рековме, и сега пак, во името на пратеничката група на ВМРО - Вистинска, ќе кажам дека министерот Никола Груевски сакајќи да направи рејтинг на позицијата, или немајќи капацитет, или неможејќи да ја согледа ситуацијата, амандманот ад хок го отфрли и еве сега имаме ситуација пратениците од позицијата да се изјаснуваат за овој проект во кој сите ние сме во можност да согледаме дека нема да донесе квалитетни решенија, бидејќи од кажаните работи, кога македонскиот народ е на работ на егзистенцијата, да се издвојат такви средства е минорна работа. Така да не само 10 години што ги имаат да не се реши проблемот со Дојранското Езеро, бидејќи и тие 10 години ќе поминат овој проблем нема да биде надминат. Значи, она што го направи Министерството за финансии на чело со министерот Груевски целосно е во ситуација да согледаме дека пратениците од позицијата ќе гласаат за овој законски проект, а во тој случај се контрадикторни по однос на амандманот што го поднесе ВМРО - Вистинска.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Миланчо Черкезов.

Има збор пратеникот Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници и членови на Владата.

Јас како граѓанин на РМ, ако сакате и како пратеник и како член на Комисијата за екологија, млади и спорт, ја почитуван секоја заложба и идеја која оди во функција на заштита на Дојранското Езеро. Меѓутоа, дали и овој предложен закон на колегата Даневски е во сферата на заштитата, или е во сферата на финансиите, можеби не е толку важно, но видно е што прво Владата амблок го отфрла овој законски проект и навистина оваа идеја на колегата Даневски не и даде никаква идеја на Владата да предложи било каков друг пропис со кој навистина нашата држава ќе обезбеди континуирани средства за заштита на Дојранското Езеро. Тоа и многу колеги го

потврдија колкава е заинтересираноста на Владата, со тоа што досега имаме слушнато за многу идеи, многу проекти кои држат или не држат место, за тоа стручњаците ќе кажат. Меѓутоа, ние дојдовме до она најважното, до отпочнување на активностите за заштита на Дојранското Езеро. Колку оваа фаза ќе потрае, тоа никој не знае да каже, бидејќи до сега не се решени виталните прашања во заштитата на Дојранското Езеро.

Прво, каде ни е тука дипломатијата. Дали на сите им е јасно дека Езерото ќе се заштити само ако имаме заедничка активност со Република Грција. Во спротивно ние би дошле во ситуација од едната страна да пумпаме вода, а од друга страна тие да го празнат.

Досега иако имаше повеќе средби на државници помеѓу Република Грција и РМ не дојде до некоја спогодба и уверување од страна на Република Грција дека ќе се склучи таков договор, што ќе значи комплетна заштита на Дојранското Езеро од страна на двете држави. Се додека нема таква спогодба, се додека не настапиме заедно, се додека не бараме средства, се одржаа и толку донаторски конференции, не побараме заеднички средства, езерото нема да го спасиме.

Уште еднаш треба да се напоменеме за скандалозната неподдршка на амандманот што беше за време на разгледување на ребалансот на Буџетот за 2000 година, кога при толку пари кои се остварија како вишок во Буџетот, што Владата ги распоредуваше за разноразни активности, не спогнавме сили пратениците од овде заеднички да го изгласаме тој амандман, односно министерот не најде за сходно барем да прифати еден таков амандман што сметавме дека од витално значење.

Дури зачудувачки е и тоа што пратеници од регионот на Дојранското Езеро гласаа против амандманот, а денес, еве, кажуваат како се загрижени за заштитата на Дојранското Езеро, па еве сега некако про форма ќе правиме дискусии за овој закон. Тоа е тој маркетинг од што нема фајде, бидејќи Дојранското Езеро и понатаму ќе биде само тема на дискусија, а ефекти од неговата заштита нема, бидејќи се додека државата наша не обезбеди и минимална сума на средства, како сопствена контрибукција, ни еден донатор нема да даде средства. Спрема тоа, бидејќи завлеговме и во дискусија што би била на една од наредните седници, треба за тогаш Владата да даде комплетна информација што ние како држава навистина сме подготвени да финансираме во заштитата на Дојранското Езеро, а не само со проекти и со идеи кои, како што реков можеби се добри, меѓутоа од тоа немаме ќар.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Кирил Настески.

Има збор пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, ова е еден од ретките законски проекти по кој, ако направите една анкетна меѓу пратениците овде, поединечно да се изјаснуваме на говорница, се надевам дека ќе нема ни еден кој ќе гласа против, да не се заштити Дојранското Езеро, и другите природни катастрофи што им се случуваат на другите езера во РМ, како природни реткости.

Меѓутоа, предлагачот на овој закон, за жал, по моја лична оценка на почетокот би сакал да спомнам, тоа што Владата на почетокот го даде го има промашено уште во насловот на законот, бидејќи скоро сите клучни членови во овој закон се однесуваат на измените во законот за игри на среќа и забавните игри. Затоа подобро ќе беше со еден ваков законски проект да се интервенира за измени во законот на игрите на среќа, отколку да се нуди во една ваква завиткана форма, закон за заштита на Дојранското езеро. Зошто ова го говорам? Го говорам од причини што само еден единствен член се однесува на собрани средства во Законот за игрите на среќа кој треба да се подготви за заштита на Дојранското езеро, а сите останати членови од овој Предлог закон се однесуваат за измените во законите за игрите на среќа. Од тие причини самиот законот не коинцидира со текстот што понатаму се нуди во оперативните членови на истиот предлог - текст.

Второ, кога веќе се алудира на предлогот каде што се посочува и изворот, од каде ќе бидат тие финансиски средства за заштита на Дојранското езеро требаше барем на една страна да се направи една емпириска анализа, да се доставаат одредени податоци и да се каже овде пред пратениците колку треба да се соберат средства за да би имале квалитетна заштита на Дојранското езеро.

Ако се анализира самиот текст на законот има многу недоречености,

многу колизии меѓу еден и друг член, па затоа дозволете ми да изнесам неколку забелешки на самиот текст на предлог законот за заштита на Дојранското Езеро.

На пример, нешто беше спомнато во тој контекст од некои колеги пратеници. Во членот 2 се прави една голема дискриминација на стопанските субјекти кои се занимаваат со оваа дејност на подрачјето на РМ и се вели дека цензусот за добивање на правото од член 2 за организирање на посебни игри на среќа на територијата на општина Стар Дојран, може да изнесува најмалку 10% од цензусот што важи за целата земја. Значи со лекс специјалис се интервенира во еден базичен закон, само за еден град, а незнаеме од која намера овој цензус се смали само на 10%, само за тоа подрачје. Ако идејата на предлагачот дека тоа ќе ги поттикне другите инвеститори да инвестираат во оваа дејност, слушнавме и од излагањето на еден пратеник, што не верувам дека е тоа така, меѓутоа и постоечките два економски субјекти кои се занимаваа со оваа дејност на тоа подрачје, воопшто не работат добро во овој момент. Значи, ако ние поттикнуваме натаму би правеле само лоши стопански субјекти на тоа подрачје за кое нема поголем интерес за едни вакви дејности да се формираат на ова подрачје.

Во членот 4 зачудува најмногу тој член во вака предложениот текст на законот. Се вели дека дејноста, освен игри на среќа на територијата на Стар Дојран е ослободена од данок на доход. Секој пратеник сега да си го постави круцијалното прашање. Ако е така, да бидат ослободени на подрачјето од Дојран од плаќањето на данокот на добивка на почеток, тогаш од каде би се формирал тој фонд на кој се алудира, за поттикнување на целите и задачите на Дојранското езеро. Значи, тоа би бил еден член каде оние кои по пат само на 10% концесија платиле за формирање на некое претпријатие кое би се занимавало со игри на среќа, сега во членот 4 велиме дека ќе се надмине прашањето на данокот на добивка. Незнам дали членот 5 доаѓа во колизија со претходниот член каде се вели Собранието на РМ основа фонд заштита на Дојранското езеро. Веројатно се мислело на данокот на добивка што би го плаќале тие субјекти, кои пак, сега трагедијата да биде поголема, во членот 4 се ослободени од плаќање на тој данок.

Инаку, во членот 6 се прави структурата на располагање на тие средства, кои според мене воопшто нема да постојат, бидејќи сите субјекти кои би организирале игри на среќа на тоа подрачје со членот 4 децидно ги ослободуваме од плаќаме на данок на добивка, што значи немаме никаков извор за формирање на таков фонд.

Исто така во членот 7 се заговара една ситуација каде што се вели, програмите што би ги финансирал овој фонд, а пред малку кажав дека тие за мене не постојат, поради децидноста на членот 4, велиме дека сите тие програми ќе бидат ослободувани од царините што би се плаќале на увозните репроматеријали за проектите за заштита на Дојранското езеро.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

И до колку постоеја претходните фондови, значи доколку имаше пари по овој закон да се обезбедат, не мора да се интервенира во базичните закони од фискалната сфера, како што реков пред малку, данокот на добивка, данокот на царини, бидејќи самиот член 24 од Законот за царини го дава тоа право на Владата по пат на одобрување на царински контигент определени увози на репроматеријали и готови производи, резервни делови итн. Владата има мандат согласно тој законски базичен проект да ослободува некои повисоки цени, што таа ќе ги утврди со мерките на својата тековна економска политика.

Значи, ако од вкупниот број на 12 членови, набројав само шест-седум кои не се издржани и влегуваат во коалиција еден со друг, навистина имаме еден лош Предлог на закон, законски текст, со многу лоши предложени законски решенија. Дури членот 4 е нонсенс ситуација каде што ги ослободуваме тие што треба да направат за заштита на Дојранското Езеро. Сето тоа може да се подведе со еден заеднички именител дека ние доколку го изгласаме овој закон така како што е предложен од г-динот Даневски фактички можеме слободно да го наречеме закон со кој не се заштитува Дојранското Езеро, туку навистина некои се ставаат во позиција да добијат некои политички поени пред целокупната Македонска јавност, особено пред популацијата на населението што гравитира околу Дојранското Езеро, а други пратеници се ставаат во позиција едноставно со една реченица некои од печатените медиумите и електронските медиуми да се каже тие и тие беа против заштитата на Дојранското Езеро.

Значи воопшто не се работи за опонентен став, за тоа дека не треба да се изнајде начин тоа езеро да се спаси, меѓутоа

ако сакаме да го спасиме ние имаме добра прилика, од неколку пратеници тоа беше посочено, а јас сакам да го повторам и да го потенцирам дека кога се носеше ребалансот на Буџетот за 2000 година, ние имавме добра прилика да направиме еден исчекор барем во системот на почетната заштита на тоа езеро. Беа споменати и идеите за организирање на донаторски конференции, но има и многу други можни решенија, но и јас да предложам.

Оваа Влада на РМ доколку има за цел да го заштитува езерото, меѓутоа во никој поглед нетреба да се заштитува со едно вакво палијативно решение, да се решава еден вака круцијален проблем кој што ги тишти скоро сите граѓани на РМ. Од тие причини, имајќи предвид дека сум за тоа да се заштити Дојранското Езеро и од причини што лично сум убеден дека согласно одредбите од овој Предлог на закон нема ниту пари да се соберат и се задира во неколку стратешки закони од финансиската сфера кои би предизвикале дисперзија во целокупниот фискален систем на РМ јас ќе се воздржам од гласање и мислам дека како заклучок од целата оваа расправа најдобро би било да произлезе Парламентот да ја задолжи со одлука, врз основа на расправата по овој текст на закон, Владата најитно да изнајде адекватни решенија со кои навистина езерото ќе се заштити.

Со овој закон навистина езерото не се заштитува. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Илија Илоски.

Има збор пратеникот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Сакам веднаш да кажам дека ќе гласам за овој закон. Ќе гласам и покрај тоа што може на Законот да му се стават нови забелешки и може да биде подобар, може во него да се вметнат одредби за повнимателна анализа на повеќе видови на средства што можат да се обезбедат за Дојранското Езеро. Ќе гласам затоа што јасно е дека Дојранското Езеро умира секојдневно, јасно е дека деценија и повеќе од деценија во Македонија на разни политички нивоа, и во овој Парламент и во претходните парламенти се зборувало за потребата за заштита на Дојранското Езеро, меѓутоа ништо конкретно не се преземало, а Дојранското Езеро е во се понезавидна положба. Ќе гласам затоа што Македонија нема доволно води, посна земја, сушна земја и покрај тоа што од мали нозе не учат дека имаме и води и езера итн, немаме и се помалку имаме и се полошо се однесуваме кон водата како основен услов за живот.

Ќе гласам затоа што и покрај притисокот на еден пратеник со закон да се поттикне севкупната совест во РМ и особено да биде испровоцирана Владата ако ова не и се допаѓа да понуди нешто подобро од ова што е понудено. Таа наспроти сето тоа повторно ни вели дека има стручни анализи кои што кажуваат ова или она, меѓутоа освен укажувањата дека има некакви стручни анализи и дека се потребни повеќе средства одколку што законот нуди друго ништо не ни нуди.

Не би гласал за овој закон ако Владата во текот на оваа седница, додека трае понуди подобар закон и поиздржан закон од овој што е. Значи, потребата е апсолутна од донесување на закон за заштита на Дојранското Езеро и ако понуди подобар закон во текот на оваа седница тогаш би гласал за нешто друго. Но, додека не понуди нешто подобро оваа Влада јас ќе гласам за овој закон сметајќи дека има апсолутно потреба од донесување на закон за заштита на Дојранското Езеро.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Петар Гошев.

Молам дали некој друг бара збор?"(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за поттикнување на активности за заштита на Дојранското Езеро.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои 27 за, 20 воздржани, а против се 16 пратеници.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Процедурално бара збор г-динот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Барам поддршка од 10 пратеници за јавно гласање.

(Пратениците креваат рака).

Да видат граѓаните на Македонија кој е за заштита на Дојранското Езеро.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има доволен број гласови за да поминеме на поединечно гласање.

Молам да поминеме на поединечно гласање.

Се извинувам, процедурално бара збор г-динот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Го молам предлагачот да појасни од каде според овој закон ќе се соберат средства за да се финансира во заштита на Дојранското Езеро. Членот 4 децидно кажува дека субјектите кои стопанисуваат на тоа подрачје би биле ослободени од ДДВ. Немојте пратениците да ги ставаме на тапет поединечно да се изјаснуваат кој бил за, кој бил против. Сите сме за заштита, меѓутоа со ваков проект навистина неможе да се заштити.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ние завршивме со општиот претрес, поминуваме на гласање.

Молам да гласаме поединечно.

**РОКСА ГЕОРГИЕВСКА:**

1. Јонуз Абдулаи - против
2. Абдурахман Алити - не е тука
3. Абдула Алиу - не е тука
4. Милојко Ангеловски - за
5. Стојан Андов - не е тука
6. Кирил Андоновски - воздржан
7. Љупчо Анушев - не е тука
8. Амди Бајрам - не е тука
9. Фадил Бајрами - против
10. Димитар Баткоски - не е тука
11. Мерсел Биљали - воздржан
12. Валентина Божиновска - воздржана
13. Јордан Бошков - за
14. Димитар Бузлевски - за
15. Абдулади Вејсели - не е тука
16. Слободан Гарчески - воздржан
17. Васил Гаџовски - против
18. Михајло Георгиевски - не е тука
19. Трајко Гешоски - воздржан
20. Александар Гештаковски - не е тука
21. Данило Глигороски - не е тука
22. Петар Гошев - за
23. Слободан Даневски - за
24. Замир Дика - против
25. Ванчо Ѓоргиев - за
26. Илија Ѓоргиев - не е тука
27. Фатмир Етеми - против
28. Васил Ефтимов - не е тука
29. Насер Зибери - за
30. Љубисав Иванов – Ѕинго - не е тука
31. Мирко Иванов - за
32. Илија Илоски - не е тука
33. Делче Ицков - воздржан
34. Никола Јованов - не е тука
35. Весна Јовановска - воздржана
36. Марика Јорданова - не е тука
37. Назми Кадриу - против
38. Радомир Карангелески - не е тука
39. Жарко Караџоски - воздржан
40. Митко Киров - не е тука
41. Лазар Китаноски - не е тука
42. Саво Климовски - не е тука
43. Стојан Ковачески - за
44. Ѓорѓи Котевски - не е тука
45. Чедомир Крањевски - не е тука
46. Илија Лазаров - воздржан
47. Алириза Лога - воздржан
48. Горанчо Лазов - не е тука
49. Билал Љутфии - не е тука
50. Васе Манчев - за
51. Наталија Марковиќ Димова - не е тука
52. Ѓулистана Марковска - воздржана
53. Диспина Марковска - не е тука
54. Звонко Мирчески - не е тука
55. Драган Митевски - не е тука
56. Илинка Митрева - за
57. Кирил Настески - за
58. Рубенс Наумовски - за
59. Горан Невеновски - не е тука
60. Латиф Пајкоски - не е тука
61. Александар Пандов - против
62. Ванчо Панчев - за
63. Илија Пемов - воздржан
64. Тито Петковски - за
65. Чедо Петров - воздржан
66. Томислав Петровски - не е тука
67. Филип Петровски - воздржан
68. Азис Положани - не е тука
69. Стојан Попов - не е тука
70. Љубомир Поповски - за
71. Никола Поповски - не е тука
72. Илија Прангоски - не е тука
73. Исмет Рамадани - за
74. Љупче Ристески - против
75. Ненад Ристовски - за
76. Нано Ружин - за
77. Илјаз Сабриу - не е тука
78. Аце Сајкоски - воздржан
79. Аслан Селмани - за
80. Борче Сибиновски - не е тука

81. Вангел Симев - не е тука
82. Ристо Спанаков - за
83. Крале Спанчевски - воздржан
84. Ѓорѓи Спасов - не е тука
85. Милан Ставрев - за
86. Наќе Стојановски - за
87. Томислав Стојановски - воздржан
88. Воислав Стојаноски - за
89. Благој Стојковски - за
90. Златко Стојменов - за
91. Владо Сугаревски - не е тука
92. Оломан Сулејмани - не е тука
93. Ризван Сулејмани - не е тука
94. Мухамед Таири - не е тука
95. Александар Талевски - не е тука
96. Мевљан Тахири - не е тука
97. Митко Тилевски - за
98. Ѓорѓи Тодоров - за
99. Ристо Тодоров - за
100. Павле Тодоровски - не е тука
101. Панде Томов - за
102. Коце Трајаноски - за
103. Горанчо Трајков - против
104. Танас Трајковски - не е тука
105. Александар Трпевски - не е тука
106. Борислав Трповски - не е тука
107. Слободан Ќосев - не е тука
108. Илија Филиповски - за
109. Александар Флоровски - не е тука
110. Илјаз Халими - против
111. Благој Ханџиски - не е тука
112. Сејфедин Харуни - за
113. Кастриот Хаџиреџа - не е тука
114. Бранко Црвенковски - не е тука
115. Миланчо Черкезов - за
116. Ванчо Чифлиганец - не е тука
117. Арбен Џафери - не е тука
118. Хисни Шаќири - против
119. Шахиќ Алија - не е тука
120. Радмила Шеќеринска - не е тука

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Вкупно гласаа 62 пратеници, 32 пратеници гласаа "за", 12 пратеници гласаа "против" и 18 "воздржани".

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Се враќаме на точка 15, затоа што имаме претставник на Владата и тука е присутен министерот за финансии господинот, Никола Груевски.

Минуваме на Точка 15 - Предлог за донесување на закон за изменување на законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 55 пратеници, 50 "за", 4 "воздржани" и 1 "против".

Присутни се 63 пратеници. Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, 51 "за", 2-ца "воздржани" и 4 "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Присутни во салата има 66 пратеници.

Вкупно гласаа 59 пратеници, 53 "за", 6 "воздржани", "против" нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Минуваме на Точка 18 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот, извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, дописот на Законодавно-правната комисија и Мислењето на Владата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Процедурално за збор се јави пратеникот Карангелески Радомир.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван господине потпретседателе, почитувани пратеници, со оглед дека имаме Извршна канцеларија на Демократска алтернатива, каде што сите членови се од Парламентот, односно пратеници членови, би замолил ако може да ја прекинеме седницата сега и да продолжиме во понеделник.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Предлагам да ја завршиме оваа точка, сметам дека нема да се задржиме многу, а после тоа ќе ја прекинеме седницата.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Слободан Даневски, кој е истовремено и предлагач на Законот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господин потпретседателе, дами и господа пратеници, уште помал закон од претходниот, иако на Дојранското езеро му нема спас, да видиме дали ќе има спас на добитокот и пасиштата.

Предлагам да се изврши измена и дополнување на Законот за пасиштата. Сведоци сме дека во овие 10 години на плурализам, доста од нас како партиски активисти и војници на партијата, мораше по било која цена да се оди, да се комуницира со граѓаните затоа што во изминатиот период, односно изминатиот систем во едноумието малку се придаваше внимание и контакт на граѓаните. Во овие 10 години ги запознавме, барем ако не селата, ги запознавме проблемите, ги научивме селата и проблемите на селаните во месните заедници. Оваа моја интервенција е на многуте поплаки, како во мојата општина Свети Николе, сигурно така и во многу општини ширум низ Републиката. Имено што се случува? Направена е една неправда спрема граѓаните, со тоа што по основ на узурпација, диво узурпирани или со налог на комитет или по директива на претседатели или незнам кои моќници, директори на бившите ЗИК-ци, по пат на сила утрините им се изорани. За познавачите или за непознавачите што е тоа селска утрина, тоа е земјиште што се наоѓа во близина на населено место и служи претежно за одмор и делумно пасење на добиток.

(Илјаз Халими ги замолува пратениците да бидат потивки и да го слушнат пратеникот).

Знаејќи дека во оваа држава е донесен закон за јавно претпријатие за стопанисување со пасишта, а знаеме и дека се ценеше со ова формирање на јавно претпријатие, ќе се стопанисува домаќински и одговорно, овој закон не е против јавното претпријатие за стопанисување со пасиштата, туку квалитет повеќе, затоа што има сериозен проблем. Во месните заедници т.е. граѓаните кои живеат во селските населени места и Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта никако не можат да ја расчистат онаа дилема која стои отворена. Имено, за што станува збор? По пат на сила диво им се узурпираат т.е. диво се разоруваат пасиштата. Се доведува во прашање егзистенцијата на сточниот фонд.

Од една страна државата прави проекти и програми и се залага транспарентно дека ќе овозможиме се да направиме да се зголеми сточниот фонд, од друга страна ние ги намалуваме т.е. разоруваме пасиштата. Ако знаете дека во Македонија постојат 630.000 хектари обработлива површина, а од тоа некаде 230.000 хектари се необработени површини и ако како добра превентива во минатиот систем, во едноумието се водеше општа кампања за разорување и искористување на необработливите површини, што сигурно е за поздравување, не дава за право да се уништуваат пасиштата. Со тоа се намалува сточниот фонд. За што станува збор? Станува збор за тоа што при селските населени места се знае во селата дека постои ред од каде испаѓа стоката на испаша, а од каде се односно се знае од која страна излегува стоката на испаша, а се знае од која страна се враќа. Така што во секое село тоа е организирано. Секогаш постоело 400 до 500 метри селско земјиште, каде

што стоката излегувала. Што ни се случува сега? Во ова време се намалени тие патчиња се направени од 20 до 30 метри. И, сега вие не можете да кажете, еј, овцо, ќе поминете на зелен семафор и тука ќе поминете. И стоката си бара ширина. Таа мора да си има природно како да излегува. Ние, сега, не можеме да ги дисциплинираме стоката или овците и да им кажеме така. Сега се наметнува еден тежок проблем во селските населени места. Од една страна тие што узурпирале и насадиле пченица или било што, од друга страна стоката не може да се дисциплинира и нон стоп доаѓа до вербални конфликти и антагонизам помеѓу овие што одгледуваат стока и оние кои што диво го узурпирале земјиштето. Од тие диво узурпирани кои го користат земјиштето се и бившите ЗИК-ци. На ова реагираше и Јавното претпријатие за стопанисување со пасиштата. Тие не можат да воспостават ред. Сигурно е дека ова јавно претпријатие е формирано за да им помогне на корисниците на пасиштата. Затоа, тие треба да стопанисуваат, да им нудат проекти, да им нудат вода, да им дадат пошироки површини на парцели, кои ќе се користат за пасишта, но за тоа Катастарот реагира споро и е инертен во овој дел. Или стои прашањето отворено.

Со овој законски проект кој нуди мала измена во Законот за пасишта, се подобрува решението и им овозможува да се надминат овие проблеми, со тоа што населените места кои се близу до селските населени места, да им се врати узурпираното земјиште, со тоа што ќе се надминат конфликтите помеѓу диво узурпирачите и населението кое чува стока, ќе се овозможи да се збогати сточниот фонд и ќе му овозможи многу порационални и постопански и подомаќински да стопанисува Јавното претпријатие со пасиштата.

Мислењето од Владата е позитивно, со тоа што Владата препорачува овој закон да биде поддржан, со тоа што има дел на измени во делот на заменувањето на месните заедници со зборовите "селски населени места". Јас како предлагач го прифаќам ова укажување на Владата и верувам дека ќе се надмине овој проблем, кој виси во месните заедници, односно во селските населени места. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Даневски Слободан.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Сибиновски Борче.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Ви благодарам господине потпретседателе, јас се јавувам како претседател на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Сакам да кажам дека ова што го искажа господинот Даневски беше разгледувано во нашата комисија и во одредени делови каде што имаше несогласување, ние оставивме одреден временски период да стапиме во контакт со луѓето кои што се занимаваат со оваа проблематика. И, навистина, она што потоа заеднички го изнесовме на маса, дојдовме до одредени сознанија и заклучоци кој што се внесени во ова што го предлага за изменување и дополнување на Законот за пасишта, господинот Даневски. Што значи дека усогласено е кажувањето и предлогот на господинот Даневски со она што го имаше како предлог Владата на Република Македонија, односно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На Комисијата која што беше одржана, беа присутни членови од сите политички структури, кои што се членови на таа комисија и во сите ставови заеднички беа прифатени измените и дополнувањата на Законот за пасишта. Од тие причини јас како претседател на таа Комисија, предлагам на пратениците ова што е предложено од, господинот Даневски, да биде усвоено. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Сибиновски Борче.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата.

Ве молам да гласаме.

Присутни се 69 пратеници.

Вкупно гласаа 66 пратеници, 54 пратеници гласаа "за", 8 "воздржани" и 4 "против".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, 56 "за", 4 "воздржани" и 5 "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандмани на член 2 став 1 и 3 и за менување на став 5 и за бришење на член 3, со кој се согласил предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, 58 "за", 5 "воздржани" и 5 "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пасиштата.

Почитувани пратеници, по барање на Пратеничката група на Демократската алтернатива, ја прекинувам седницата, а продолжуваме во понеделник во 11,00 часот.

(Седницата заврши со работа во 16,05 часот).